Citizens for change!

# ЦИВИКА МОБИЛИТАС
# ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ГРАНТОВИ

ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ

Реф. бр. ЦМ-ИНС-02

Рок: 15.1.2016 г. 16:00 часот

## ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

пристигнати до 31.12.2015 г.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU).

Во продолжение се дадени прашањата и одговорите во врска со вториот повик за институционални грантови бр. ЦМ-ИНС-02, поставени до линијата за поддршка на Цивика мобилитас до 31.12.2015 г.

| Прашање | Одговор |
|---|---|
| **3. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ** | |
| **3.1. Актери** | |
| Дали добитниците на специфични акциски грантови ќе бидат подобни да аплицираат на следните повици за институционални грантови? | Не. Повеќе информации има во делот „**Забелешка**" од Водичот за апликантите е наведено следното:<br>... Граѓанските организации кои веќе имаат добиено институционален (ИНС) или (општ и специфичен) акциски грант (АКТ и САК) од Цивика мобилитас1, не се подобни за аплицирање на овој Повик за предлози. Цивика мобилитас ќе ги елиминира сите пријави кои се поднесени од страна на организации кои веќе користат институционален (ИНС) или акциски грант (АКТ и САК)...<br>Партнерите во акциските грантови (АКТ и САК) на Цивика мобилитас кои не се носители на институционални или акциски грантови ќе имаат право да се пријават на овој и идни повици за предлози за институционални грантови на Цивика мобилитас.<br>Во делот **3.1** од Водичот за апликантите под Актери(3.1.1 Апликанти) е наведено следното:<br>... Тековните корисници на институционални (ИНС-01) и акциски (АКТ-01 и САК-01) грантови на Цивика мобилитас немаат право да поднесат пријава. |
| Ние сме основани како здружение на граѓани во Јануари 2014 година. Од тогаш до сега немаме никаков прилив ни одлив на средства, врз основа на закон поднесовме изјава дека немаме остварено приходи за што и не сме обврзани да поднесуваме финансиски извештаи. Дали ваквата наша состојба може да и попречи на нашата апликација? Во пријавата барате да се доставаат годишни сметки и банкарски извештаи. Дали поради ваквата наша ситуација не сме погодни да аплицираме за институционалниот грант? | Организации кои се новоосновани или немаат документирани приливи/ одливи **се подобни** да аплицираат на овој повик доколку **ги исполнуваат условите** наведени во делот **3.1** од Водичот за апликантите под Актери (3.1.1 Апликанти):<br>За да биде подобен за институционален грант, апликантот мора да биде:<br>• Граѓанска организација која е регистрирана во Македонија според Законот за здруженија и фондации;<br>Цивика мобилитас е отворена за ГО кои ги споделуваат нејзините вредности, верувања и ставови. Како програма за добро владеење, Цивика мобилитас охрабрува однесување кое е во согласност со принципите на добро владеење како што се: владеење на правото, транспарентност и отчетност.<br>Согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ), подготвувањето, испраќањето и објавувањето годишни финансиски извештаи е законска обврска. Па оттука, Цивика мобилитас пред сè поддржува граѓански организации кои ги исполнуваат законските обврски.<br>За таа цел, Цивика мобилитас ќе им даде приоритет на апликантите кои:<br>• подготвиле, поднеле и објавиле годишен финансиски извештај кој ги покрива последните три финансиски години (<u>**ако е применливо**</u>) согласно ЗЗФ. |
| Ве молам да ми одговорите дали мојата организација има можност да аплицира на овој повик со оглед на тоа дека нема буџет од 2010 година па наваму. И доколку оставам полињата празни онаму каде што се бара буџет и реализирани активности од 2012, 2013 и 2014 год. Само да напоменам дека се уште сме активни иако немаме проекти. | 1) Организации кои се новоосновани или немаат документиран прилив/ одлив **се подобни** да аплицираат на овој повик доколку **ги исполнуваат условите** наведени во делот **3.1** од Водичот за апликантите под Актери (3.1.1 Апликанти):<br>За да биде подобен за институционален грант, апликантот мора да биде:<br>• Граѓанска организација која е регистрирана во Македонија според Законот за здруженија и фондации;<br>Цивика мобилитас е отворена за ГО кои ги споделуваат нејзините вредности, верувања и ставови. Како програма за добро владеење, Цивика мобилитас охрабрува однесување кое е во согласност со принципите на добро владеење како што се: владеење на правото, транспарентност и отчетност.<br>Согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ), подготвувањето, испраќањето и објавувањето годишни финансиски извештаи е законска обврска. Па оттука, Цивика |

| | |
|---|---|
| | мобилитас пред сè поддржува граѓански организации кои ги исполнуваат законските обврски.<br>За таа цел, Цивика мобилитас ќе им даде приоритет на апликантите кои:<br>• подготвиле, поднеле и објавиле годишен финансиски извештај кој ги покрива последните три финансиски години (**<u>ако е применливо</u>**) согласно ЗЗФ.<br>2) Доколку немате буџет за бараните години, поточно немате приливи ниту одливи од сметката, ве молиме да внесете 0 т.е. да не го оставате празно полето. |
| Каде треба да бидат објавени извештаите (финансиски, годишни) од организациите? | Во делот **3.1** од Водичот за апликантите под Актери(3.1.1 Апликанти) е наведено следното:<br>Согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ), подготвувањето, испраќањето и објавувањето годишни финансиски извештаи е законска обврска. Па оттука, Цивика мобилитас пред сè поддржува граѓански организации кои ги исполнуваат законските обврски. За таа цел, Цивика мобилитас ќе им даде приоритет на апликантите кои:<br>• подготвиле, поднеле и објавиле годишен финансиски извештај кој ги покрива последните три финансиски години (ако е применливо) согласно ЗЗФ.<br>Согласно овој критериум, апликантот треба да има:<br>• подготвено годишни финансиски извештаи во законски пропишаниот образец (завршна сметка); • да ги има поднесено овие финансиски извештаи до Централниот регистар на Македонија (ЦРМ) навремено, пред истекот на годишниот краен рок;<br>• **да ги има објавено извештаите на веб-страница или на друг начин.** |
| Невладината организација XXXXX, сака да се пријави за институционалниот грант. Меѓутоа, организацијата е основана на крајот од Октомври оваа година, така да нема многу активности зад себе. Иако XXXXX е на некој начин бизнис комора, нашата идеја е да направиме караван на евенти со кој што би ги покриле сите поголеми градови во Македонија, со цел да ги поврземе бизнис заедницата и едукативниот сектор (студентите). На овој начин би постигнале вмрежување, соработка помеѓу бизнис заедницата и студентите (понуда на работа, пракса и слично), како и мотивација на студентите да работат напорно, поттикнувајќи го нивниот претприемачки дух со своите приказни за нивниот бизнис успех. Освен успешни бизнисмени од нашата бизнис комора, би повикале и еминентни професори од академијата како и претставници од националната агенција за Ерасмус програмата кои би ги споделиле различните можности за стекнување на европска перспектива на младите во Македонија. Со ова би се мотивирале студентите да отидат и да добијат европско искуство и образование, но исто така би ги мотивирало и да се вратат и да го имплементираат тоа што го научиле | 1) Организации кои се новоосновани или немаат документиран прилив/ одлив **се подобни** да аплицираат на овој повик **доколку ги исполнуваат условите** наведени во делот **3.1** од Водичот за апликантите под Актери (3.1.1 Апликанти):<br>За да биде подобен за институционален грант, апликантот мора да биде:<br>• Граѓанска организација која е регистрирана во Македонија според Законот за здруженија и фондации;<br>Цивика мобилитас е отворена за ГО кои ги споделуваат нејзините вредности, верувања и ставови. Како програма за добро владеење, Цивика мобилитас охрабрува однесување кое е во согласност со принципите на добро владеење како што се: владеење на правото, транспарентност и отчетност.<br>Согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ), подготвувањето, испраќањето и објавувањето годишни финансиски извештаи е законска обврска. Па оттука, Цивика мобилитас пред сè поддржува граѓански организации кои ги исполнуваат законските обврски.<br>За таа цел, Цивика мобилитас ќе им даде приоритет на апликантите кои:<br>• подготвиле, поднеле и објавиле годишен финансиски извештај кој ги покрива последните три финансиски години (**<u>ако е применливо</u>**) согласно ЗЗФ.<br>2) За вториот дел од прашањето, Ве молиме внимателно прочитајте го Водичот за апликантите, особено делот 3.3. Патокази:<br>Институционалните грантови на Цивика мобилитас се наменети за поддршка на институционалниот развој и организациското јакнење на граѓанските организации. Институционалниот развој се однесува на поддршката која граѓанското општество може да ја направи за развојот на Македонија. Така, тој се однесува на улогата на ГО и другите чинители во граѓанското општество во промовирањето на општествените промени во земјата. Организациското јакнење се |

| | |
|---|---|
| во Македонија, спречувајќи го феноменот на brain-drain.<br>Моето прашање е дали би можеле да се пријавиме за грантот иако сме ново-основана организација и дали оваа бизнис идеја е соодветна со вашите цели ? | однесува на зајакнувањето на поединечни ГО како организации. Особено, организациското јакнење се однесува на јакнење на ГО во подобрување на нивниот севкупен успех во постигнувањето на нивната мисија, како и за зголемување на поширокото влијание на нивната работа на сите нивоа.<br>Институционалните грантови на Цивика мобилитас се исто така наменети и за поддршка на краткорочните, среднорочните или долгорочните (стратешки) планови на ГО за работа на своето институционално и/или организациско јакнење... |
| **3.2. Грантови** | |
| Во прирачникот пишува дека висината на грантот за две години не смее да ја надмине сумата од 4.000.000 денари, а највисокиот грант што можеме да го добиеме е 7.000.000, па прашањето е следно , дали двегодишниот планиран буџет за 2016-2017 да биде со сумата 4.000.000 или пак со највисоката 7.000.000? | Во Водичот за апликантите воопшто не се споменува сума од 7.000.000.<br>Во делот 3.2 од Водичот за апликанти под Грантови стои следното:<br>3.2.1. Големина на грантот Институционалните грантови не смеат да бидат помали од **1.000.000** денари и не смеат да бидат поголеми од **2.000.000** денари за една година (годишно). Вкупниот буџет за две години, не смее да надмине **4.000.000** денари.<br>Значи највисокиот грант кој можете да го добиете е 2.000.000 годишно, или 4.000.000 за двете години. |
| Дали може првата година да побараме 1.500.000 МКД а втората да побараме 1.100.000 МКД? | Препорачливо е при подготовка на буџетот апликантите да се водат од наодите во самоценката, развиените патокази и потоа двегодишниот работен план. Динамиката на работниот план треба да кореспондира со предложениот буџет во двете години. Ако фокусот на интервенциите во работниот план е повеќе во првата година/или втората година, дозволено е да се преслика во буџетот реално, се додека е запазен критериумот за износ на грантот, т.е.<br>**3.2** Грантови - 3.2.1. Големина на грантот: Институционалните грантови не смеат да бидат помали од **1.000.000 денари** и не смеат да бидат поголеми од **2.000.000** денари за една година (годишно). Вкупниот буџет за две години, не смее да надмине **4.000.000** денари.<br>**Во ваков случај, кога буџетот во двете години не е ист, во делот 2 (Грант) од пријавата во 2.2. Барање за грант, во полето за Годишен грант, наведете го просекот од буџетот кој го планирате за двете години. Овој износ, како што наведовме погоре, треба да е во согласност со критериумот за износ на годишен грант.** |
| Дали износот на бараниот грант мора да кореспондира со буџетите на организациите од претходните три фискални години? | Не мора. Ве молиме имајте го предвид делот 3.2. од Водичот за апликанти под Грантови е наведено следното:<br>3.2.1. Големина на грантот Институционалните грантови не смеат да бидат помали од 1.000.000 денари и не смеат да бидат поголеми од 2.000.000 денари за една година (годишно). Вкупниот буџет за две години, не смее да надмине **4.000.000** денари.<br>Цивика мобилитас го задржува правото да го смени овој износ (да го намали или зголеми) во зависност од резултатите од овој повик. Конечниот договорен износ ќе биде усогласен со апликантот пред потпишување на договорот. **Во процесот на договарање, Цивика мобилитас ќе го спореди просечниот годишен буџет (приходи) на апликантот од последните три години (ако е применливо) со побараните финансиски средства за грантот, и доколку има потреба ќе вклучи измена на двогодишниот работен план и двогодишниот буџет.** |
| So ogled na razlicnite aktivnosti koi planirame da gi prezememe vo prvata I vtorata godina, dali e vo red dokolku godisnite budzeti vo prvata I vtorata godina se razlikuvaat po vrednost? | Препорачливо е при подготовка на буџетот апликантите да се водат од наодите во самоценката, развиените патокази и потоа двегодишниот работен план. Динамиката на работниот план треба да кореспондира со предложениот буџет во двете години. Ако фокусот на интервенциите во работниот план е повеќе во првата година/или втората година, дозволено е да се |

| | |
|---|---|
| | преслика во буџетот реално, се додека е запазен критериумот за износ на грантот, т.е. **3.2** Грантови - 3.2.1. Големина на грантот: Институционалните грантови не смеат да бидат помали од **1.000.000 денари** и не смеат да бидат поголеми од **2.000.000** денари за една година (годишно). Вкупниот буџет за две години, не смее да надмине **4.000.000** денари. **Во ваков случај, кога буџетот во двете години не е ист, во делот 2 (Грант) од пријавата во 2.2. Барање за грант, во полето за Годишен грант, наведете го просекот од буџетот кој го планирате за двете години. Овој износ, како што наведовме погоре, треба да е во согласност со критериумот за износ на годишен грант.** |
| **3.3. Патокази** | |
| Дали се подобни културни настани во земјата ако е тоа во мисијата на организацијата,а нема доволни услови за тоа? | 1) Ве молиме внимателно прочитајте го делот **3.3.** од Водичот за апликантите кој се однесува на намената за институционалните грантови, т.е. на **патоказите:** Институционалните грантови на Цивика мобилитас се наменети за поддршка на институционалниот развој и организациското јакнење на граѓанските организации. Институционалниот развој се однесува на поддршката која граѓанското општество може да ја направи за развојот на Македонија. Така, тој се однесува на улогата на ГО и другите чинители во граѓанското општество во промовирањето на општествените промени во земјата. Организациското јакнење се однесува на зајакнувањето на поединечни ГО како организации. Особено, организациското јакнење се однесува на јакнење на ГО во подобрување на нивниот севкупен успех во постигнувањето на нивната мисија, како и за зголемување на поширокото влијание на нивната работа на сите нивоа. Институционалните грантови на Цивика мобилитас се исто така наменети и за поддршка на краткорочните, среднорочните или долгорочните (стратешки) планови на ГО за работа на своето институционално и/или организациско јакнење... ... Институционалните грантови на Цивика мобилитас се исто така наменети и за поддршка на краткорочните, среднорочните или долгорочните (стратешки) планови на ГО за работа на своето институционално и/или организациско јакнење. Цивика мобилитас овие планови ги вика **патокази (Pathways)!** За да им помогне на ГО да ги идентификуваат и да ги формулираат овие патокази, Цивика мобилитас подготви институционална/организациска **самооценка** која <u>мораат да ја пополнат</u> сите ГО кои бараат институционален грант.... ...Самооценката дава основа за патоказите. Прво, образецот за пријава за институционален грант бара од вас да ги наведете главните заклучоци кои сте ги донеле при пополнувањето на самооценката. Која е силната страна на вашата организација? Која е слабоста? Во кои области би сакале дополнително да ја развиете својата ГО, институционално, или да ја зајакнете организациски? Второ, образецот за пријавување ќе побара од вас да ги наведете своите патокази, или, со други зборови, ќе ве праша дали сакате да работите на своите слабости и како сакате да го сторите тоа... **Цивика мобилитас им дава приоритет на патоказите кои се однесуваат на областите 1, 3 и 5.** 2) Исто така Ве молиме виматено прочитајте го делот **3.4.** од Водичот за апликантите, кој се однесува на трошоците: „Намерата е институционалните грантови да обезбедат основна буџетска/финансиска поддршка на институционалните грантисти за да ги спроведат своите целокупни, редовни, активности и да можат да ги ослободат човечките и техничките ресурси да работат, заедно со Цивика мобилитас, на специфични процеси за организациска трансформација.“ |

| 3.4. Трошоци | |
|---|---|
| Dali kofinansiranje na dopolnitelno - specijalizirano postdiplomsko obrazovanie (akademski razvojni studii) za del od personalot na regionalnite administracii (Centrite za regionalen razvoj na planskite regioni) od eventrualno dodeleniot grant vo vrednost ne pogolema od 500 EUR po lice bi se smetalo za forma na regrantiranje a so toa I za nepodoben trosok? Napomenuvame deka ovie postdiplomeski studii bi pretstavuvale den od temelite na odrzlivosta na nasata organizacija vo idnina. | 1) Во однос на подобноста на овој тип трошок, Ве молиме вимателно прочитајте го делот **3.4.** од Водичот за апликантите, кој се однесува на трошоците:<br>**Намерата е институционалните грантови да обезбедат основна буџетска/финансиска поддршка на институционалните грантисти за да ги спроведат своите целокупни, редовни, активности и да можат да ги ослободат човечките и техничките ресурси да работат, заедно со Цивика мобилитас, на специфични процеси за организациска трансформација.** Оттука, најголем дел од вообичаените оперативни трошоци ќе бидат <u>подобни</u>, вклучително:<br>- Трошоци за бруто-плати за основниот персонал;<br>- Редовните оперативни трошоци на апликантот (канцелариски трошоци, струја/затоплување, телефонски сметки, итн.);<br>- Директни трошоци, дефинирани во и настанати при спроведување на двогодишниот работен план.<br>Исто така како подобни, иако непрепорачливи, ќе бидат третирани следните трошоци:<br>- Набавки или реновирања (целосни или делумни) на основни средства (земја, згради), возила, опрема, мебел и друг инвентар. Овие трошоци ќе може да бидат максимално 20% од вкупниот износ на грантот и треба да бидат дополнително оправдани во фазата на склучување договор.<br>2) Исто така ве молиме внимателно прочитајте го делот **3.3.** од Водичот за апликантите кој се однесува на намената за институционалните грантови, т.е. на патоказите:<br>Институционалните грантови на Цивика мобилитас се наменети за поддршка на институционалниот развој и организациското јакнење на граѓанските организации. Институционалниот развој се однесува на поддршката која граѓанското општество може да ја направи за развојот на Македонија. Така, тој се однесува на улогата на ГО и другите чинители во граѓанското општество во промовирањето на општествените промени во земјата. Организациското јакнење се однесува на зајакнувањето на поединечни ГО како организации. Особено, организациското јакнење се однесува на јакнење на ГО во подобрување на нивниот севкупен успех во постигнувањето на нивната мисија, како и за зголемување на поширокото влијание на нивната работа на сите нивоа...<br>3) Исто така во делот 2.2. е наведено дека „Цивика мобилитас го задржува правото да го смени овој износ (да го намали или зголеми) во зависност од резултатите од овој повик. Конечниот договорен износ ќе биде усогласен со апликантот пред потпишување на договорот. Во процесот на договарање, Цивика мобилитас ќе го спореди просечниот годишен буџет (приходи) на апликантот од последните три години (ако е применливо) со побараните финансиски средства за грантот, и доколку има потреба ќе вклучи измена на двогодишниот работен план и двогодишниот буџет.“<br>4) За конкретното прашање, трошокот е оправдан доколку директно придонесува кон постигнување на дефинираните патокази т.е. цели и резултати за институционалното јакнење/ организацискиот развој на апликантот, на начин опишан во делот 3.3. од Водичот за апликантите, кој се однесува на патоказите. |
| Колку проценти од буџетот може да одат за делот човечки ресурси? | Нема одредени проценти за поединечните категории или ставки од буџетот, согласно тоа ниту за уделот на човечки ресурси во вкупниот трошок. |

| | |
|---|---|
| | Ве молиме при одредување на буџетот да го земете предвид делот 3.3. од Водичот кој се однесува на патоказите и каде е наведено:<br>...Апликантот мора исто така да ги дефинира, да ги буџетира и да ги планира своите активности користејќи ги прилозите 1, 2 и 3 на образецот за пријава т.е. двогодишниот работен план, двогодишниот буџет и временската рамка. **Активностите назначени во двогодишниот работен план мораат да одговараат на оние во двогодишниот буџет и временската рамка**.<br>Во делот **3.4** од Водичот за апликантите под Трошоци е наведено следното:<br>Намерата е институционалните грантови да обезбедат основна буџетска/финансиска поддршка на институционалните грантисти за да ги спроведат своите целокупни, редовни, активности и да можат да ги ослободат човечките и техничките ресурси да работат, заедно со Цивика мобилитас, на специфични процеси за организациска трансформација.<br>**Препорачливо е при подготовка на буџетот апликантите да се водат од наодите во самоценката, развиените патокази и потоа двегодишниот работен план. Динамиката на работниот план треба да кореспондира со предложениот буџет во двете години.** |
| Дали едукативна работилница од сферата на културата е подобна за финансирање? | 1) Во однос на подобноста на овој тип трошок, Ве молиме вимателно прочитајте го делот 3.4. од Водичот за апликантите, кој се однесува на трошоците.<br>2) Исто така ве молиме внимателно прочитајте го делот **3.3.** од Водичот за апликантите кој се однесува на намената за институционалните грантови, т.е. на патоказите. |
| Дали и колку вработено лице може да биде ангажирано и да прима хонорар? | Да, за краткорочни привремени или повремени ангажмани, врз основа на договор на дело или договор за повремено или привремено вршење услуги. За долгорочен ангажман, особено за основниот персонал на апликантот кој би бил финансиран од институционалниот грант, ве молиме да го земете предвид Законот за работни односи, член 121.<br>Ве молиме и вимателно да го прочитсте го делот 3.4. од Водичот за апликантите, кој се однесува на трошоците и на намерата, целта на институционалните грантови. |
| барања за толкување на подобноста на следниве трошоци<br>- подготвителни активности за организирање на Собрание на XXX (посети во други градови)<br>-патни трошоци и исхрана за организирање на ГОДИШНО (Изборно) Собрание на XXX, како и Годишно редовно собрание на XXX<br>-патни трошоци за свокувања на состаноци на Извршниот одбор на XXX<br>-контакти со организации од други земји /присуство на XXX фестивали заради остварување на целта з а промоција на XXXX во други земји.Скоро сите вакви фестивали се организираат на принцип на необезбедување на трошоци за пат, сместување и исхрана за учесниците<br>-учество на форуми и конференции на XXXX (кадешто XXXX е колективен член).На досегашните активности на овој форум немаме учествувано заради немање на финансиски средства | Цивика мобилитас не може да коментира и одговара за специфични, конкретни трошоци. Нивната оправданост е поврзана со патоказите, целите, резултатите т.е. со намената на институционалниот грант. Во однос на подобноста на овој тип трошок, Ве молиме вимателно прочитајте го делот **3.4.** од Водичот за апликантите, кој се однесува на трошоците и на намената за институционалните грантови,<br>Исто така ве молиме внимателно прочитајте го делот **3.3.** од Водичот за апликантите кој се однесува на намената за институционалните грантови, т.е. на патоказите.<br>Во делот 2.2. од Водичот за апликантите е наведено дека „Цивика мобилитас го задржува правото да го смени овој износ (да го намали или зголеми) во зависност од резултатите од овој повик. Конечниот договорен износ ќе биде усогласен со апликантот пред потпишување на договорот.<br>**Препорачуваме при подготовка на буџетот апликантите да се водат од наодите во самоценката, развиените патокази и потоа двегодишниот работен план. Динамиката на работниот план треба да кореспондира со предложениот буџет во двете години.** |

| | |
|---|---|
| -набавка на стручна литература и XXXX од други земји<br>-набавка на камера за потреби на XXXX<br>-организирање на едукативни семинари и обуки како ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ;. УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ;. УПРАВУВАЊЕ СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ (ГО) ; - ЈАКНЕЊЕ НА АНАЛИТИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ГО ЗА УЛОГА НА НАБЉУДУВАЧИ(WHATCH DOG) ВМРЕЖУВАЊЕ“, „ПРИРОДА И РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ“.<br>АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ „ и<br>„ АРХИВИРАЊЕ“..(ФИНАНСИСКА ОДРЖИВОСТ“„САМОФИНАНСИРАЊЕ“ ,„ГЕНЕРИРАЊЕ НА ФОНДОВИ“„ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ИПА И МОЖНОСТИ ЗА ГО“ ,„РАЗВИВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД ЕУ“.. и слично<br>организирање на еднодневен или дводневен настан на домашно или интернационално ниво(според пропозициите од овој грант) | |
| Дали може да се ангажира странски државјанин за консултант? | Да, но ве молиме имајте ги предвид следните делови од Водичот:<br>- Во однос на подобноста на овој тип трошок, Ве молиме вимателно прочитајте го делот **3.4.** од Водичот за апликантите, кој се однесува на трошоците;<br>- Ве молиме внимателно да го прочитате и делот **3.3.** од Водичот за апликантите кој се однесува на намената за институционалните грантови, т.е. на патоказите. |
| **4. ПРОЦЕС НА ПРИЈАВУВАЊЕ** | |
| **4.1. Прашалник за самооценка** | |
| Имаме потреба од појаснување на следниве прашања:<br>*1. Q126. На скала од 0 до 10, при што 0 означува „нема поддршка“, а 10 означува „целосна поддршка“, што би рекле за поддршката што овие системи и процедури ја даваат на планирањето и остварувањето на активностите на вашата ГО?*<br>Наше прашање: На што се однесуваат „системи и процедури“ во планирање и остварување на активности на ГО, (дали тоа се посебни документи, посочете ни пример)<br>*2. Q132. Дали вашата ГО има воспоставени документирани/пишани системи и процедури за следниве процеси:***<br>Наше прашање: за каков вид документи опфаќаат документирани/пишани системи и | 1) Системи и процедурите се однесуваат на работењето на организацијатам на пример на нејзиното финансиско работење, работни односи, човечките ресурси, сметководството, набавките, управувањето, документирањето итн.<br><br>2) Системите и процедурите може да се уредат со пишани правилници, упатства, уредби, одлуки, кодекси, политики, решенија и сл. На пример упатство за канцелариско и архивско работење, уредба за набавки, деловник за работа на Собрание/Управен одбот, правилник за работни односи, правилник за волонтерство и др. |

| | |
|---|---|
| процедури во финансиско работење (наведете пример) | |
| Дали нашата ГО треба да има ПАДОР регистрација како услов за апликација за институционален гранд? | Не. |
| Од кој аспект треба да ја направиме самооценката во случај кога се работи за мрежа (со околу 60 организации), дали за сојузот или на секретаријатот? | Самооценката ќе зависи од намената на институционалниот грант и од правното лице што ја поднесува пријавата.<br>Доколку бараниот грант е за институционален развој/ организациско јакнење на целата мрежа (сојуз) тогаш самооценката треба да се направи од аспект на сојузот, доколку пак се однесува на јакнење на секретаријатот, треба да се направи од негов аспект.<br>Доколку апликантот е регистриран како сојуз, тогаш исто така и самооценката треба да биде направена за сојузот. |
| Дали во набавката на технички средства (кола, апарат и сл.) мора средствата да бидат со одредено потекло и земја на производство? | Не мора.<br>Ве молиме вимателно прочитајте го делот 3.4. од Водичот за апликантите, кој се однесува на трошоците и на намерата на институционалните грантови. |
| Ние како организација заинтересирана за аплицирање на повикот за институционален грант ЦМ-ИНС-02 во однос на прашалникот за самопроценка во делот ВРЕДНОСТИ, УБЕДУВАЊА И СТАВОВИ / ПРАКТИКУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ, под прашањата Q18 i Q19 нема доволно простор за наведување на нашите вредности. | Во овој дел треба да се наведат само клучните вредности кои организацијата ги промовира и/или практикува и тоа без допилнително објаснување. На пример, посветеност, партиципативност, толеранција и сл. без објаснување што значи самата вредност. |
| **4.2. Образец за пријава** | |
| Дали во образецот за пријавување во делот кај патокази, може да се менува табелата односно дали може да се рашири делот за самооценка или треба да го оставиме размерот помеѓу самооценка и патокази како што е? | Не може да се менува.<br>Фокусот на пријавата за институционален грант е на патоказите. |
| Дали е возможно наместо копии од годишните сметки за последните 3 години да се достави документ со скратен исказ за истиот период издаден од Централен регистар? | Да. |
| Која е разликата помеѓу нивоата на општинско и локално? | Локално е доколку апликантот доминантно дејстува само во едно или неколку населени места од една општина.<br>Општинско е доколку апликантот доминантно дејствува во сите или повеќето населени места во една општина. |
| Дали се подразбира дека организацијата работи на национално ниво ако дава услуги со телефонска СОС линија за разни групи граѓани (пр. земјоделци, пензионери)? | Објаснувањето е дадено во фуснота на делот 1.2. од образецот за пријава и гласи:<br>Главното, доминантно, ниво на дејствување на апликантот, пр. обележете „национално“ ако главното ниво на дејствување е дефинирано како „национално“ во статутот, стратегиите или други референтни документи или ако апликантот спровел повеќе од половина од активностите на национално ниво во изминативе три години. |
| Во двогодишниот план дали треба исклучиво да бидеме фокусирани на институционалното јакнење на организацијата? | На институционалното јакнење и на организациското јакнење на организацијата, онака како што е наведено во делот **3.3** од Водичот за апликантите под Патокази:<br>Институционалните грантови на Цивика мобилитас се наменети за поддршка на институционалниот развој и организациското јакнење на граѓанските организации. **Институционалниот развој се однесува на поддршката која граѓанското општество може да ја направи за развојот на Македонија. Така, тој се однесува на улогата на ГО и другите** |

| | |
|---|---|
| | **чинители во граѓанското општество во промовирањето на општествените промени во земјата. Организациското јакнење се однесува на зајакнувањето на поединечни ГО како организации.** Особено, организациското јакнење се однесува на јакнење на ГО во подобрување на нивниот севкупен успех во постигнувањето на нивната мисија, како и за зголемување на поширокото влијание на нивната работа на сите нивоа. Институционалните грантови на Цивика мобилитас се исто така наменети и за поддршка на краткорочните, среднорочните или долгорочните (стратешки) планови на ГО за работа на своето институционално и/или организациско јакнење. Цивика мобилитас овие планови ги вика **патокази** (Pathways)!<br>...<br>Вашата пријава за институционалниот грант на Цивика мобилитас треба на Цивика мобилитас да ѝ ги покаже патоказите кои се однесуваат на секоја од петте области кои се покриени со самооценката (види ја табелата погоре). Многу е важно да се наведат овие патокази. Апликантите кои не навеле барем по еден патоказ за секоја област нема да имаат право да добијат институционален грант. Меѓу петте патокази, **Цивика мобилитас им дава приоритет на патоказите кои се однесуваат на областите 1, 3 и 5.** |
| Во кој сегмент спаѓаат меѓународните контакти и соработка? | Во област 3. Конституенти / Граѓански ангажман, доколку целта на контактите е соработка. |
| Дали може да се најде пример на пополнети работни и финансиски планови кои ќе ни послужат како пример? | Не. |
| Дали може да се пријавува како буџет (финаниски извештај) самофинансирањето? | Во дел 2.1. од пријавата, кој се однесува на 2.1. Годишен/ни буџет/и, доколку немало прилив/одлив преку сметката на апликантот, во табелата треба да се наведе 0.<br>Доколку членовите на организацијата или други поддржувачи директно ги финансирале активностите т.е. самофинансирање, под табелата можете да го наведете истото, вкл. и износите, доколку ги знаете. |
| **4.3. Пополнување на прашалникот за самооценка и образецот за пријава** | |
| Од кого можеме да го добиеме линкот за самооценката што ја имаме пополнето минатата година? | Во делот **4.3** од Водичот за апликантите во третиот параграф е наведено следното:<br>Апликантите на првиот повик за институционални грантови, реф.бр. ЦМ-ИНС-01, доколку сакаат да го користат одговорениот прашалник за самооценка за тој повик, треба да се обратат на helpdesk@civicamobilitas.mk за да добијат линк и токен за пристап до веќе пополнетиот прашалник, како основа да ги направат потребните измени (доколку ги има).<br>**Притоа внимавајте да ни се обратите од истата е-мејл адреса од која што е пратена самооценката за ЦМ-ИНС-01, со цел да нема несакани злоупотреби на податоците од неавторизирани лица.** |
| Дали може да се користи самооценката од ланската година и дали може да се прават измени во истата? | Да.<br>Во делот 4.3. од Водичот за апликантите во третиот параграф е наведено следното:<br>Апликантите на првиот повик за институционални грантови, реф.бр. ЦМ-ИНС-01, доколку сакаат да го користат одговорениот прашалник за самооценка за тој повик, треба да се обратат на helpdesk@civicamobilitas.mk за да добијат линк и токен за пристап до веќе пополнетиот прашалник, како основа да ги направат потребните измени (доколку ги има).<br>**Притоа внимавајте да ни се обратите од истата е-мејл адреса од која што е пратена самооценката за ЦМ-ИНС-01, со цел да нема несакани злоупотреби на податоците од неавторизирани лица.** |

| | |
|---|---|
| Дали се добива потврда или порака дека самооценката е примена откако ќе се заврши со пополнувањето на прашалникот? | Не. Со самото он-лајн поднесување на самооценката е регистриран нејзиниот приемт. Доколку сакате да се осигурате дека е примена самооценката од страна на Цивика мобилитас, можете да се обратите на helpdesk@civicamobilitas.mk, и тоа од **истата е-мејл адреса** од која што е пополнувана и поднесена самооценката за ЦМ-ИНС-02. |
| Во образецот за пријава, во делот 1.2 Профил, дали треба да се обележи само едно поле за Ниво на дејствување и Сектори на дејствување или може повеќе? | Во „Ниво на дејстување“ треба да се обележи само едно ниво, во „Сектори на дејствување“ може да се обележат повеќе сектори, но во „Главен сектор на дејствување на организацијата“, мора да се обележи само еден сектор. Објаснувањето/упатството е дадено во фуснотите 1 и 2 за дел 1.2.:<br>- Главното, доминантно, ниво на дејствување на апликантот, пр. обележете „национално“ ако главното ниво на дејствување е дефинирано како „национално“ во статутот, стратегиите или други референтни документи или ако апликантот спровел повеќе од половина од активностите на национално ниво во изминативе три години.<br>- Ве молиме прецизирајте го секторот на кој припаѓа апликантот, како што е дефинирано во статутот, стратегиите или други референтни документи; |
| Во образецот за пријава, во делот 1.3 Капацитет и искуство, ве молиме за појаснување што значи да се даде наретивен опис на капацитетот на апликантот и да се опише оперативниот капацитет на апликантот, дали тоа треба да биде текст кој заедно со бараните информации во зададените табели треба да не надминува 2 страници? | Да, можете наративно да го опишете капацитетот на организацијата.<br>Да, текстот заедно со табелите не треба да го надминува наведениот број страници. |
| Дали за прилогот 5 кон образецот за пријава Копии од завршни сметки за последните три години, требаат скратени искази од Централен регистер? | Апликантот може да поднесе или копии од завршните сметки, онака како што се поднесени во Централниот регистар на Македонија или скратени искази од годишна сметка. |
| Дали во приложената електронска верзија од пријавата (ЦД или УСБ) е потребно таа да е скен од испечатената и/или ворд и/или пдф документ? | Во делот **4.4** од Водичот за апликантите под Поднесување на пријавата е наведено следното:<br>Една електронска верзија на ЦД или УСБ. Ве молиме имајте предвид дека електронската верзија треба да биде идентична со оригиналната потпишана верзија. Ве молиме истата да ја доставите скенирана и дополнително во зададениот формат на документот – ворд или ексел.<br>Поточно, потребно е да доставите скен/пдф од отпечатената доставена хартиена верзија, а Ве молиме да ни ги доставите и ворд и ексел верзиите од доставената апликација. |
| **7. ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТ** | |
| Дали овластеното лице (подносител на апликацијата) мора да биде присутен за потпишување на договорот? | Договорите треба да бидат потпишани од овластеното лице. Доколку лицето е отсутно подолго време од државата, тогаш договорот може да се потпише од лицето кое ополномоштено за оваа функција. |

http://civicamobilitas.mk/
https://www.facebook.com/civicamobilitas